СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Десеттото продолжение на Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 декември1993 година

Скопје, декември 1993 година

**ДКСКУТАНТИ НА ДЕСЕТТОТО (X) ПРОДОЛЖЕНЕ НА 68-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 3.XII.1993 година**

1. АРООВСКИ БРАНКО - стр.7
2. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ - 13
3. АВДИ ФАИК -13
4. ГОШЕВ ТУШЕ - 9
5. ИВАНОВ ИВАН - 29
6. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 1, 3
7. МАНЕВ ЕФТИМ - 25, 23

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Десеттото продолжение на Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 3 декември 1993 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 12,10 часот.

Со продолжението на седницата раководеше господинот Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Има збор Цветан Јовчевски.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Веднаш да кажам дека потребата за донесување на овој закон повеќе е од итна, затоа што се работи за живи луѓе на кои им е нанесена една огромна неправда, со кое , пресудите и мачењето во затворите на луѓе кои што се бореа за самостојна Македонија и за идеите на ВМРО. Ваков пример е примерот односно случајот со Крсте Цветковски од село Селц-Крушевско, осуден на 6 години затвор кој излезе како тежок инвалид, затоа што се залагаше за независна Македонија и за идеите на ВМРО. Се уште молбата за укинување на пресудата на Крсте Цветковски е во темните долапи на судовите без одговор. Се уште е тој државен непријател иако дочека независна Македонија, за која беше и осудуван.

Мораме сите во Собранието да собереме сили и да го донесеме овој закон, со што ќе ја исправиме неправдата што ја наметна

југословенскиот комунистички режим што владееше во Македонија. Исто така сакам да кажам дека некои од пратениците на коалицијата и се обликуваат толку невистини на метка на опозицијата, на предлагачите на законот се со цел да се омаловажи предлогот на донесување на законот за рехабилитација на осудуваните лица за самобитноста на македонскиот народ и за идеите на ВМРО од едноставна причина што тој Предлог на закон не е предложен од коалиционото мнозинство. Впрочем дека тоа е така имам доволно примери за овие скоро три години откако сме во македонското собрание.

Се досега што ќе предложеше опозицијата не е прифатено од едноставна причина што секогаш позицијата излегуваше со аргументите дека не е конструктивен предлогот на опозицијата.

Господа пратеници, само за неколку седници или месеци со сличен таков предлог од страна на коалицијата се истапува и тој предлог сега е конструктивен од едноставна причина што има мнозинство во Собранието и тие можат да гласаат. Впрочем, и за овој предлог на законистото се повторува бидејќи имавме можност да го слушнеме одговорот на Тито Петковски, на Николче Поповски кои што крајно се залагаат дека треба Владата да подготви еден такво закон, па нека подготви. Господа, на Владата никој досега не и стави вето и како што вели народот, народната поговорка "жар на стомакот на Владата никој не и ставил да не може да го подготви тој закон". Истата таа Влада беше истопорена во првите редови по повод 100 годишнината од постоењето на ВМРО на свечената академија во Домот на армијата на Република Македонија.

Исто така во првите редови на Свечената академија беа и егзигутаторите на патриотите кои се бореа за самобитноста на

македонскиот народ и идеите на ВМРО. Не ли е тоа цинизам, хипокризија. Каква иронија е волк и јагне да седат во истите редови. Дека е тоа така доволно кажува, имено пред извесно време после изборите на една ТВ емисија покрај другите претставници беше и Народниот херој на тогашна Југославија и Македонија , со псевдонимот Доста и синот на херојот со бојадисаното презиме, актуелен министер во коалиционата Влада. На прашањето од новинарот дали имаше после 1945 година луѓе со идеите на ВМРО и како се постапуваше со нив? Еве што одговор даде народната хероина од Прилеп "Да имаше на секаде во Македонија". Јас со таткото од детето што е до мене издававме наредби за сите што ги познаваме да бидат затворани и осудувани. Исто така се залагаме секаде каде што имаше во илегала да ги откриеме, да ги предадеме на власта да ги осуди оти се косеше со политиката што ја водевме, бидејќи се залагаа за отцепување на Македонија до Југославија. Ашколсум бре Вера Ацева, народен херој, што изрод ќе беше да газиш на коските од такот и и од брат ти Мирче Ацев, на коските од дедо ти Петре Ацев, кој целиот живот го посвети аз слободата и независноста на македонската држава. Сигурно се превртува во гробот кога ги слушна овие зборови. И ништо не е чудно кога може еден народен херој да му прети на првиот претседател на Македонија, на Методија Антонов Ченто оти требало тутунот да с^ носи во Белград, немало потреба да остане во Македонија, а ако треба и ќе се носи на рамо за во Белград. Се прашувам за каква Македонија се залага и за каква самостојност. Без малце срам и перде на очите, што би рекол народот кога беше чествувањето на Ченто на 24 јуни 1990 година истата хероина Вера со Крсте Црвенковски, кој е директен виновник аз смртта на Коста Рацин искокорени во првите редови во Домот на културата Марко Цепенков во Прилеп. Каков парадокс каков цинизам? Тие што го осудија , тие што сега седат во

првите редови не го рехабилитираат првиот претседател на македонската држава. Народната што вели "Кадија те суди кадија те тужи". Или како може да не се спомне една секвенца од книгата "Судени за Македонија на д-р Стојан Ристовски", каде народниот херој или хероина Вера Ацева со камшик го тера Попот Паун од село Радожда, а Владо Малески, писател од Струга, татко на Денко Малески актуелен министер во Обединетите нации на поранешна, бивша југословенска република Македонија го јава. Има ли погрозно нешто од ова што го правел народниот херој односно хероина на Македонија Вера Ацева и литератот од Струга. Сигурно дека нема, но кој знае, ѓавол да ги носи може би за овие дејанија голем број се прогласени за народни херои меѓу кои и нашите Прилепчани Вера, крсте, Љиља земаат пензии повеќе од 30 илјади денари, на што може да им позавидат и претседателот на Републиката и актуелните министри. Но сепак, ги оправдуваат своите боречки пензии бидејќи се добри советници на претседателот и тој како нив не најде за сходно по повод јубилејот 100 години на ВМРО со еден декрет од него да изврши национално помилување, како што го сторија другите држави, во пост комунистичкиот период. Значи, Македонија мора да: биде посебна во се. Значи, сеуште немаме извршено рехабилитација. Колку и да боли вистината господа пратеници мора да се изнесе на виделина. Само така со вистината се победува . И овој народ знае да опрости, знае да се помири и затоа не би требало да се води полемика од страна на позицијата, затоа што опозицијата е неконструктива односно законот е неприфатлив односно е нецелосен. Господа, каде се чуло и видело во друга земја. како што е оваа наша Македонија македонец да убива и да суди македонец за ослободување на Македонија. Толку би сакал за ова, затоа што во овој закон се предлага, но колку е дрско и цинично во телеграмата од Сојузот на борците на

Македонија, Републичкото раководство од Скопје, потпишано од уште еден херој од Прилеп Борко Темелковски - Лилајакот каде се споменува "поради активноста на одделни групи за отцепуваше на Македонија од рамките на ФНРЈ Сојузот на борците на Македонија ги смета за "младешки романтизам" или свесна врховистичка акција да се оспори и спречи целосно конституирање на македонската нација и држава". Господа борци од НОВ, сега со побелени коси, а некој можеби не ги носат на својата глава дали Вие во 1941 односно 1990 година го сметате за младешки романтизам на еден Панко Брашнаров кој беше во АСНОМ на 70 годишна возраст, на еден Емануел Чучков, на Шатев, на Пирузие на Ченто на Владо Колешина и плејада други знајни и незнајни воини за целокупноста на македонскиот народ и македонската држава.

Цело време позицијата држи за АСНОМ и ја напаѓа опозицијата. И на врапчињата им е јасно дека одделни одлуки на АСНОМ биле изиграни. Со ретуширање на документите е вметнато како член во АСНОМ и Лазар Колишевски иако знаеме дека тој до 8 септември 1944 година се наоѓа во затвор во Плевен Бугарија. Зошто имаше претставници од сите делови на Македонија во манастирот Свети Отец Прохор Пчински. Сигурно не, и ќе речам не само за Вардарскиот дел на Македонија за да биде како алкица, или крпче приврзани на ФНРЈ, туку беше за целокупна независна и самостојна Македонија. Затоа не држи тезата дека опозицијата ги девалвира одлуките на АСНОМ.

Господа борци од тесното раководство, бидејќи сите членови на Боречката организација не мислат какао Вас да може да се рехабилитира, да се рехабилитира само после 1944 година во двата дела на Македонија односно Пиринска и Беломорскиот дел, а не и во Вардарскиот дел на Македонија , каде што ги прогласивте сите тие за непријатели кои се бореа за обединета и независна, самостојна Македонија.

Нели е тоа дрскост, цинизам, омаловажување на своите соборци, се обраќа. Затоа господа со побелени коси Вашите раце се крвави до рамења и само со национално помирување ќе можете да ги измиете од нечистотијата и нечесната игра што ја игравте робувајќи и на југословенска1 и на српската политика.

Да се боревте против непријателот никој не Ви го оспорува но Ве има и доста кои бевте до 9 септември 1944 година во редовите на окупаторските војски, а сега имате и споменица од 1941 година, како активни учесници. Господа борци од НОБ кои седите во тесното раководство, не се однесува за сите чесни борци, исто така не го почитувате Уставот на Самостојна и независна Република Македонија. Имено пред сите Вас господа пратеници имате телеграми пристигнати с Сојузот на борците од Битола, од Струмица, од Берова и т., каде што сеуште во печатот стои Социјалистичка република Македонија, а ние знаеме дека уште пред две години е донесен Уставот на Република Македонија каде што со самиот Уставот поимот Социјалистичка е избришана. Значи се уште сакаат да робуваат на класната борба, а не како што кажуваат дека се бореле за национално ослободување. Според мене, бидејќи не го бришат Социјалистичка повеќе ни доликува дека се бор< за класна борба односно за едно друго општествено уредување кое се- уште им лежи надушите односно од кое не сакаат така лесно да се от: жат.

Исто така дел од дискусиите на коалиционите партнери се залагаат подеднакво да бидат рехабилитирани и балистите кои беа сојузници на Мусолини. Господа борци зошто на спомениците каде македонскиот народ е изгинат од балистите пишува загинаа тие и тие жртви македонци од издајниците и слугите на непријателот, а исто така каде што

македонци се загинати во другите делови на Македонија пишува тие и тие македонци или борци загинаа од фашисти од бугарскиот фашистички окупатор. Нели и балистите беа сојузници на Мусолини и бугарите беа сојузници на Хитлер. Мислам дека тука е исти третман. И не би требало да се подвојува 41, односно 50 години да се залажуваме со лаги, да ја конструираме во историјата на македонскиот народ.

Исто така ние добро се сеќаваме на од балистите нападите на Попоец, Сеноец во Мавровскиот крај кој вршеше невиден терор врз невиното население и се знае оние кои беа присилно испратени на Сремскиот фронт во првите борбени линии за да после бидат третирани како учесници во НОБ, дури и со Партизански споменици од 1941 година. Нели господа борци ова доволно зборува колку се бореле за самобитно та на македонскиот народ што ја имаме денес таа иста слика. Впрочем преку залагањето на одредени кругови во сите светски и европски институции за непризнавањето на Македонија.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господинот Арсовски се јавува за реплика.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници на вчерашната седница и денес од повеќе пратеници се манипулира и се споменуваат одредени бројки за висината на пензиите и на учесниците во НОБ како и на другите пензионери по разниоснови. За да понатаму не манипулираме со тој д« би сакал да дадам едно појаснување бидејќи сум и претседател на Комисијата за труд и социјална политика, Вие ми дадовте такво поверени« и фер е да Ве известам во та смисла.

Во рамките на севкупните корисници на пензии по разни основи имаме околу 205 илјади, а во тој дел учесниците во НОБ, кои се корисници на пензија по и пред 9.о9.1993 година, нивниот број изнесува 31.164 илјади борци, од кои најголемиот дел на овие корисници на пензија се според законот аз материјално обезбедување на учесниците во НОБ. Меѓутоа, карактеристично е ова што сакам да Ве известам, што значи тоа повисока пензија, а што значи пониска пензија.

Според општите прописи за Пензиско инвалидско осигурување ова се најсвежи податоци земени од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување од 13.016 се корисници 217 лица. Меѓутоа, вториот дел кој исто така е многу важен, по прописите над општите прописи можам да Ве известам следното.

Од 130 односно 146 до 14 илјади се корисници 20 пензионери. Од 14 илјади до 15 илјади се корисници 13 пензионери; од 15 илјади до 17 илјади се корисници 18 пензионери; од 17 до 19 илјади 13 пензионери; од 19 до 21 илјада 5 пензионери, од 21 илјада до 23 илјади 3 пензионери; од 23 илјади до 25 илјади 2 пензионери и 1 пензионер кој е корисник на пензија од 27 илјади до 29 илјади, или вкупно тоа се 7 5 корисници. Во таа смисла еве едно соопштение за да ги знаеме износите на највисоките пензии по сите основи.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ова немаше врска со репликата бидејќи има одговорен министер кој треба да ги изнесе овие факти.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Господинот Бранко Арсовски ги изнесува податоците за од септември месец, меѓутоа дали истиот господин зошто не ги спомна и

привилегираните пензионери што земаат уште 6 плати, што уживаат бесплатно банско лекуваше, што уживаат секојдневно печат бесплатно и другите бенефиции кои што ги уживаат. Мислам треба да се каже на јавноста објективно, а вака како што кажува се доаѓа до некоја заврзлама, односно прикривање, округло па на ќоше. Во тие првите што се спаѓа и Вера Ацева и господинот Крсте Црвенковски, како што напомнав јас од оваа говорница е еден од учесниците за ликвидирањето на Коста Рацин во Лопушник -Кичевско.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јави господинот Туше Гошев, министер за правосудство и управа на Владата на Република Македонија.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани дами и господа пратеници. Владата на Република Македонија има свое мислење дадено до сите комисии и јас незнам вчера зошто се дискутираше дека Владата нема мислење.

Во мислењето на Владата се предлага на Собранието да не го прифати Предлогот за донесување на закон затоа што ни по форма ни по содржина не одговара на целите кои треба да се постигнат .

Оценка на Владата, прашањето кое се покренува е мошне комплексно и како такво бара поцелосно правно политички проучување и определби по прашањето за каков закон или правен акт би се постигнала целта и би се уредило прашањето што се покренува со двата акти, се мисли на Законот и декларацијата; дали тоа треба да биде закон...

II/1.-JJ/МЛ

**ТУШЕ ГОШЕВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Дали тоа треба да биде закон за рехабилитација, бришење на услугата или со друг правен институт. Оваа дилема и определба за еден од споменатите закони е исто така правно сложено и од при- чини што рехабилитацијата во нашиот систем согласно членот 91 од Кривичниот закон на Република Македонија општ и посебен дел се однесува само на ограничување на изречената мерка за безбедност и на настапување на правната последица од осудата. Од друга страна консеквенциите од осудата во однос на тие две прашања и да постоеле како такви, престанале, со оглед на роковите што изминале од изречената осуда. Според тоа, до колку би се донел закон за рехабилитација, на тој закон треба да му се даде една друга димензија, што би се состоела во тоа, лицата да се сметаат за неосудувани и да се бришат осудите како такви.

Во контекст на истото е и прашањето за тоа, за кои кривични дела би се однесувала рехабилитацијата, дали за сите кривични дела против народот и државата, како што понапред биле означувани во кривичните закони, или за дел од тие закони, или пак за одредени кривични дела од другите глави на кривичните закони, како што беа кривичните дела против задругарството, откупот и слично како и кривични дела кои изрекуваа казна конфискација на имот. До колку проучувањата упатат на заклучок дека треба да се донесе соодветен правен инструмент - амнестија, треба да се оцени дали повеќе од овие сложени прашања не ќе можат поедноставно да се разрешат со амнестијата што би се огледало во бришење на пресудата и во укинување на одредени правни последици од осудата, кој што закон би бил сообразен и би бил заснован врз одредбите на членот 101 од Кривичниот закон на Република Македонија, општ и посебен дел во кој е и уреден правниот институт амнестија.

II/2.-

Со правниот акт што би бил донесен би се уредила и постапката на надлежните органи како и правните последици со примена на самиот правен институт.

Бидејќи вчера беа покренати многу прашања и господинот Тито Петковски, според мене мислам дека исправно го лоцираше проблемот, сакам да направам една компарација меѓу институтот - правен институт рехабилитација и правниот институт амнестија.

Имено во членот 91 од Кривичниот закон на Република Македонија уреден е и институтот рехабилитација, но не е како основа за донесување на закон со општо правно дејство. Од тука сметаме дека нема формален основ за донесување на тој законски проект ниту во членот 68 од Уставот на Република Македонија каде се утврдени ингеренциите на Собранието во донесувањето на закони, туку како правен институт, како и сите други во Кривичниот закон, врз основа на кој осудени лица кои ја заслужуваат осудата, по пат на фикција се сметаат за неосудувани, поради протекот на определено време по издржаната казна, застарена или опростена казна. Во нашиот правен систем и институтот рехабилитација дури го нема и ова правно дејство. Се состои во тоа што со него на осудените лица им се овозможуваат правата што им биле ограничени поради изречена мерка на безбедност или поради настанување на правна последица од осудата. Што значи врз основа на овој институт осудените лица нема да се сметаат не- осудувани, туку дејството на институтот е ограничен, на споменатиот сектор на мерките на безбедност и настапените правни последици на осудата. За ова мислиме дека не е цел на она што сака~да се постигне со предложениот закон.

Сега во врска со амнестијата, бидејќи се дискутираше, сакам и за неа да кажам некои видувања. Во правниот систем на Република

Македонија согласно уставни и законски одредби амнестијата е државно-правен институт и соодветно политичко средство, нужно за корекција на судската одлука, кога е тоа потребно да се оствари од одредени причини. Кон примена на амнестијата се оди кога е потребно да се спречи да не дојде до осуда или ако таква изречена, да се замени со поблага или осудениот да се ослободи од потполно или делумно извршување на казната или како што е во конкретниот случај да се брише осудата или да се укинат правните последици од пресудата, со што се стекнува статус на неосудуваност. Кон стекнуваше на статус на неосудуван со примена на овој правен институт, во демократските општества, се оди кога ќе се оцени дека осудата е неоправдана и особено како што е случај со осудените лица за македонската кажува, кога лицата се бореле за остварување на демократски права и слободи за својот народ - општо прифатени и општо признати во цивилизираните општества и за извојување на самостојност и независност на својот народ и создавање на слободна самостојна и независна држава.

Од формално правен аспект постојат законски основи за донесување на правниот институт - амнестија. Имено, согласно член 101 од Кривичниот закон на Република Македонија, општ и посебен дел, амнестијата се дава за кривични дела и се состои во една понапред изнесените дејствија. Покрај другото и во однос на бришење на осуда- та како и за укинување на определена правна последица од осудата. Амнестијата се донесува со закон што го носи Собранието на Република Македонија и се однесува на општ план на однапред неопределен 'број на лица. Вкупно на сите оние лица што ги исполнуваат условите определени со одредбите на самиот правен институт амнестија. Со оглед на тоа што го донесува Собранието на Република Македонија како највисок законодавен орган, законот во себе ги содржи и сите премиси

што можат да се очекуваат од една декларација. И кога неа ја носи Собранието на Република Македонија со оглед што политичкото дејство на декларацијата и политичката оценка за неопходноста за донесување се претпоставки за донесување на самиот правен институт амнестија. Од друга страна пак декларацијата ги нема правните својства што може да ги има и амнестијата.

Па оттука предлагам и велам дека ниту има уставен основ за донесување на тој закон односно проект како што е направен ниту во формална ниту во материјална и реална содржина.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Збор има пратеникот Гоце Андоновски.

(Во меѓувреме на говорницата излага пратеникот Цветан Јовчевски и бара збор за реплика иако не беше споменат во претходната дискусија).

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, иако така речи беа зафатени сите аспекти од проблемите што ги третираат одредбите на овој Предлог за донесување на закон, понуден од страна на нашите колеги независните пратеници Тодор Петров, Ефтим Манев и госпоѓата Гулистана Марковска, нека ми биде дозволено само со неколку свои тези да се приклучам кон овие досегашни дискусии што се изјаснија во прилог на потребата за донесување на ваков закон. Имено, тоа што на почетокот сакав да го изнесам е фактот дека навистина институцијата независен пратеник низ овој закон, барем ја покажа својата големина. Зашто? Па од самиот тек од идејата и од начинот од кои се приоѓа во предложениот законски проект, се гледа дека независните пратеници со својот предлог нудат нешто што не е ниту партиски ниту опозиционерски

обоено, туку нешто што нуди нов квалитет што толку многу му е потребен на нашиот Парламент.

Господа пратеници, особено вие од позицијата зарем не гледате дека овој закон нуди и може да стане првиот мост на вистинско национално помирување како што рекоа некои од моите колеги. Зарем тоа не ве наведува и на некоја подлабока размисла? Како ние Македонците во овој Парламент ќе постигнеме консензус за некои поважни прашања, кога не можеме за едно вакво чисто национално, кога дури и на еден начин треба да се поклониме со пиетет пред тие луѓе што го дале животот за националната кауза, за македонското име и за оваа македонска земја. За жал, господо од коалицијата ова народот го гледа, и овој пат не се смее. Народот сигурно длабоко размислува. Зошто? Еден ден ќе се постави друго прашање, а тоа е прашањето - имаат ли Македонците нешто во Парламентот заедничко или немаат?! Ова сепак сфатете го како апел, зошто сега ако не се постапи по иницијативата, мислам дека ќе има и други последици.

Што се однесува за законот и прашањата изнесени по него, ќе го изнесам следното:

Прво, не можам да сфатам до кога текстот ќе се гледа низ тесни партиски интереси. Ако навистина се прифаќа идејата како што изнесоа и некои дискутанти од левиот блок, впрочем и соопштението на Владата, а навистина има потреба од некакви квантификации или подобро речено корекции или слично, мислам дека денеска не треба да се прокоцка шансата да се прифати само предлогот за донесување на закон. Значи да ја поддржиме иницијативата за донесување на закон а неговата содржина нека биде предмет на доградба. Тоа нека остане за во наредните фази и затоа предлагам законот да се донесе во две фази целосно поддржувајќи ги иницијативите изнесени во него.

II/6.-

Второ, сите спорни прашања и сите поинакви размислувања, предлози и други иницијативи нека се срочат, нека бидат доставени амандмански па да почнеме еднаш и конструктивна расправа во овој Парламент, а не вака со празни и јалови и теснопартиски интереси се залажуваме себеси и јавноста докажувајќи кој е поголем, кој е понароден и незнам што.

Трето, во дискусијата се покренаа многу прашања, но не може да ми се оттргне впечатокот дел од дискутантите, пред се од владеачката коалиција, како да настојуваат со сите сили да го бранат она што се случуваше во минатото. Па зар се уште не ни е јасно дека во минатото, во претходниот систем кој што беше еднопартиски во настојувањата и борбата за самобитноста на македонскиот народ имаше и невини жртви к Дали сеуште има такви кои не можат да го согледаат или не сакаат да го согледаат тоа. Треба еднаш јасно да се признае дека тогашната судска власт беше под контрола и доминација на политичката, која што за жал и денеска не е многу променета. А рековме каква беше таа политика во однос на македонското национално прашање. Многу пати целосно или по многу прашања беше доста погрешна. Од таквата политика произлегуваа и судските пресуди. Каква политика, такви пресуди. Погрешни да, точно, да не употребам полоши и поостар збор. Ако имаше такви пропусти и грешки, зошто сега со оваа иницијатива не одиме кон тоа да ги исправиме барем делот од тие грешки, берем дел од тие историски неправди што ги направил некој пред нас. Со тоа ќе се постигнат според мене две многу значајни цели и тоа:

Прво, ќе се направи квалитетен чекор напред во општествениот третман на досега невино и неоправдано осудените и осудуваните граѓани, било да се тие сеуште живи или одамна умрени, и

Второ, ќе покажеме пред светот дека навистина во оваа мала земја, ете започнуваат демократските процеси. Дека правото на

поединецот е над државните, да не речам надпартиските интереси. Од друга страна со тоа ќе дадеме и еден стимул на сите чесни патриоти, на сите граѓани да ја продолжат својата вековна борба за остварување на македонскиот идеал слободна, независна и демократска Македонија. При тоа морам да изнесам една ограда, сметам а верувам тоа многу јасно го образложија и предлагачите - овој закон нема да ги штити и некои екстремни поединци и движења и погрешни настојувања. Сигурно дека овој закон нема да ги рехабилитира припадниците на врховистичките или балистичките крила, оние кои што наместо за слободна Македонија и независна Македонија, секогаш се бореа Македонија да биде нечии превезок се едно дали бугарски или српски, албански или грчки. За нив нема место во овој закон. Меѓутоа, да не заборавиме дека овој закон ќе ги рехабилитира многу патриоти кои сесрдно се бореа во НОБ, а потоа сепак станаа нечии жртви - жртви на нечии заотожби, идеи и манипулации можда, туѓи на македонскиот народ и на Македонија. Зашто јас морам да го истакнам и тоа дека од фамилијарни причини на моето семејство особено ги ценам овие борци и респектот кон нив е светло мое фамилијарно правило.

Четврто, беше истакнато дека има потреба во законот и некои дополнителни критериуми, односно да се доразработат одредени прашања во смисла на прецизирање или поблиско дефинирање што ќе се земат како критериуми во примена на законот во некои конкретни случаи. Па зар некому и тоа треба да му се објаснува. Ова сепак е само закон - определува рамковен оквир со кој се изнесуваат принципи и стандарди, а потоа судот и комисијата на Владата во секој конкретен случај ќе анализираат, квантифицираат, и ценејќи ги сите индивидуални факти на некоја личност ќе донесат и решенија.

Затоа сметам дека таквиот став е неоснован и тоа служи само како параван за постигнување на други намери. Жал ми е што министерот не

е тука, незнам дали си отиде и во овој момент сакам да го изнесам мојот став по однос на тоа дали треба да биде рехабилитација, чин - акт или акт на амнестија. Според мене е неопходно да се донесе акт на рехабилитација. Актот на рехабилитацијата им овозможува на осудените лица после издржаната казна да можат да ги уживаат сите права како рамноправни граѓани. Едноставно тој акт го реинтегрира и го ресоцијализира секој граѓанин. Кај тој граѓанин повеќе нема правни ограничувања, како и ограничувања за одредени дејности. Со вакви ограничувања фактички на осудениот нема да му бидат оневозможени и тој едноставно ќе се ресоцијализира. Инаку сигурно дека казната придонесува да има после излежаната пресуда да има и правни последици, пред се, забрана на одредени дејствија, а со актот амнестија тоа не го покрива. Амнестија е акт со кој на одредени лица се дава ослободување од казната или намалување на дел од казната за издржување, или .пак се врши замена со поблага казна. Амнестијата не може да се однесува кај веќе извршените казни, ниту можат да послужат како основ за остварување на надоместок за издржаната казна, повраток на имовината или пари. Според тоа, мислам дека терминот рехабилитација сосема реално кореспондира со она што ние сакаме да го донесеме.

Ние треба да бидеме задоволни со фактот што овој закон уште еднаш покажува дека постојат и субјективни сили и креативни можности во оваа земја закон да предлага и некој друг, во случајов пратениците а не само Владата, односно органите на управата. Зарем тоа не сеуште еден доказ дека демократијата во Македонија постепено победува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Абди.

II/9.-

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници еве да изразам едно задоволство што последниот дискутант се вртеше тука некаде, околу она можното во изјаснувањето за точката на дневен ред. По оваа точка, слушајќи многу дискусии вчера па и денеска, поконкретно синојка, човек може да ги лоцира на неколку места, па дури стекнав дом дека се работи за некои добри дискусии од аспект на филозофски тактати. Дали е местото овде на тие тактики или на друго, нека тоа биде и Парламентот на Република Македонија, меѓутоа една работа е многу важна за која што или не сме спремни или не сакаме, или пак толкава ни е интелектуалната или друга можност. Наиме, нека ми биде допуштено да дадам своја оценка дека ни фали парламентаризам во однесувањето. Ова заради тоа што еден кога од една страна зборува другите сите ќутат и слушаат, а кога некој друг ќе стане свиркање итн., а ние сме земја слободна, независна, суверена, ние веќе имаме еден добар да речам, дипломатски кор во Скопје во Република Македонија, кој што не следи во работата и секојдневно известува во своите центри каква е ситуацијата во Република Македонија, што се случува во Парламентот на Република Македонија по одделни точки и од тоа донесува свои заклучоци и одлуки, до каде може Македонецот, Македонија да резонира, до кој степен може да биде вулгарен и до кој степен може да се носи со современоста итн. Ја сметам дека ние на овој испит, на некој начин, паѓаме. И најверојатно во блиска иднина ќе треба да се свртиме малку назад, да мислиме на генерациите.

Ова прашање задира во една голема вистина на дејанијата од 1941, пред 1941 и од 1945 наваму. Зарем, не знаеме дека имало големи неправди, зарем не знаеме дека има погрешно "погинати" луѓе, зарем не

II/10.-

знаеме колку луѓе одеа и на Сув оток и на Голи оток, па тука во близина и во Маврово, а нешто ќе прозбори и во Маврово ќе оди да гради централа. Го има и тоа. Има и други работи. Имаше принудна работа осуден на шест месеци или на една година, на осум месеци да прави цигли, до појас гол да влезе во кал, а се тоа заради изградбата на земјата. Значи имало такви работи. И денеска има доста луѓе што седат во нашите судови во врховни, уставни и други или како обвинители или како судии, но постои една вистина од која што не смееме и не можеме да бегаме заради тоа што тие луѓе се тука присутни и ние да направиме таков пресврт каков што некој би сакал, тоа ќе значи уништување на цели генерации и недавање можност да се дојде до нешто што се вика држава, нешто што се вика демократија.

III/1 СС/ЛБ

**ФАИК АБДИ**: (продолжение)

Ако демократијата сме ја замислиле онака како што е направено во Хрватска или на други места,, тогаш да му се сневиди. По пат на демократија се вратија сите Дража Михаљовиќи, четници, рупниковци, белогардејци итн., итн. и сега, ако тоа сакаме, ајде да пробаме да го направиме-

Јас не верувам дека вие сакате тоа со Предлогот на законот. Јас верувам дека сакате добро да му направите на народот.

Но, морам да ви кажам, на предлагачите, иако уважениот господин независен пратеник пред малку го пофалив за она што го кажа, можеби јас така оценив, така ја оценив неговата дискусија, но мислам дека и народот знае нашите независни пратеници токму каде спаѓаат. Но, тоа не е битно, Тоа е нивна работа. Така гледаат. Што има, не може да се оцени поинаку.

Да помине ваков еден закон, на вас, опростите, ви треба голема дипломатија. Какво е тоа толкаво зборување овде, толкаво не да речам клеветење по име и презиме, тоа станало таму, тој убил тој га, тој направил ова. Па, вие од левата коалиција,па вие комунистите, па ПЦЕР, па Социјалистичка па незнам која, па незнам која, што сакате рака да се дигне? Кој ќе дигне? Дали вие знаете дека овој блик од оваа страна, еден добар дел од тука имаат своја историја, своја фамилијарна историја. Поминале низ пионерски, низ младински организации, низ ЦК на младина, ЦК на Македонија, партија, итн. и Ова може ќе дојде после едно 100 години, составот ќе се измени, класниот состав. Можеби нашите правнучиња ќе мислат поинаку од нас. Ова е вистина ова не може да се избегне. Секаде седеле секретарки, секретари, итн. итн. За тоа треба дигање на два прста. Сега, со ваков начин нема дигање на два прста. Значи, фали дипломатија.

Тоа е работа на која сакам да укажам на сите вас овде на нашите важени новинари итн. Овде, вчера зборувавте една работа, за

III/2

Македонија и за македонците. Малку нешто претставниците на ПДП-НДП зборуваа овде за албанците. Како да сте само вие створени од господ во оваа РМ, како да се вие можете без сите други.

Да ви кажам дека можеби и можете без сите други, но веројатно успехот ќе биде малку помал, ако не целосен, малку помал Тука се Власите, тука се Турците, Ромите, а што јас знам уште кои ѓаволи. Значи, сте заборавиле. Морам да ви кажам овде, затоа што еден добар дел од вас не признава кога и јас велам дека- не признава никого дека е поголем македонец од мене. Јас и сега велам дека сум македонец. По националност сум Ром, меѓутоа тоа да се прифати е многу тешко кај македонецот. Ние сме балканци овде, не сме тунгузијанци. Веројатно ќе дојде време и тоа ќе биде прифатено каде само така ќе можеме да ја гледаме Македонија за своја држава, како македонци, по националност, по потекло итн. тоа е друга работа.

Заради тоа што сум се родил во оваа Македонија во оваа држава, сум се школувал во оваа држава и како пионер, како младинец раководител итн., сакам да кажам дека (смеење во салата)...

Па што ви е смешно на вас? Простете јас 32 години работам во фабрика Комуна, раководител сумтаму. Некому дали му е криво драго, недраго и со многу поголем личен доход од сега што го земам овде, јавно кажувам, ако не повеќе едно 200-300 милијарди повеќе сигурно, сакам да речам дека многу од нас овде плукаат. А, колку јас знам колку сум учествувал во креирањето на политиката на Македонија, тука иако јас знам дека има дилетанти многу овде, тоа знам, познато ми е иако оваа Македонија ги прибираше сите македонци од сите краишта на Европа, им даде дом, во своја земја, точно, стипендии за учење, нека ми простат моите колеги од Егејска Македон има многу другари од таму, многу колеги, сум се школувал, сум студирал заедно со нив, и дом и пребивалиште и стипендии и пари и работа и се

Зошто ги ставате на оној друг колосек? Тие се бунат. Ние се дружиме Многу им е криво кога се зборува вака, како што се зборуваше вчера, Така не се постигнува успех.

Ние мора да бидеме свесни што зборуваме овде. Мора да знаеме дека оваа е таа РМ, еден дел , не независна, него постојна, која постои, оваа Македонија што се има создадено како држава дека е тоа тоа. Мора да знаеме дека не можело поинаку. Мора да знаеме дек и тие што и сега денеска, вчера плукавме по нив дека имаат огромни резултати. Можеби морале да направат такви нешта. Ние и по ослободувањето имаме такви случаи, ние градевме пат. Јас сум бригадир, командант. Градевме пат, некој го девалвира патот. Некој сака да го сруши. Некој сака ова, она. По која линија? Во затвор, сигурно. Не може тоа да биде така. Хидроцентрали градиме, ни ги рушат. Елект чна енергија спроведуваме на село, рушат. Состаноци држиме младинци во младинска организација, шумарот со пушка. Значи, имало секогаш и секогаш ќе има такви луѓе.

Ако може да се понесеме со тоа што било едно време и сега би можеби може. Ние пред некој ден расправавме за такви ситуации. Јас ве молам бидете потрезвени при поставување на вакво прашања и критиките, затоа што тие критики не водат кон донесување на било кој акт што би рекол дека е доволно ова изминато 50 годишно време, 55 години тие луѓе беа страдалници на овој век. И, не да се простат гревовите, со тоа ќе се осуди спротивната страна. Тоа е логично. Ако овие бидат рехабилитирани, значи кривицата паѓа на оние што тоа го направиле. Тоа е 2 и 2 рамно на 4.

Меѓутоа ќе мора да се најде начин како да се дојде до тоа да не изгори ни ќебапот ни шишот. Бидете внимателни за овие зборови што ги кажав. Ни шишот ни ќебапот, зашто и тие се бореа за ова Македонија, а не за некоја друга Македонија, Вакви напади како резултат нема да донесат.

Овде беше поставено прашањето дали времето работи во интерес на Република Македонија или времето работи за вистината. Сигурно секој човек- ја гледа вистината со свои очи, човечки очи во зависност од тоа, од неговото осознавање, од неговата општествена положба тој си крои своја вистина. Многу тешко човекот прима други вистини ако не се тука некаде, ако не се во близината Според тоа постојат и тука вчера искажани, денеска искажани различни вистини, постојат истории. Не зборувам за историја, за истории.

За покојниот Ченто прв пат слушнав, за жал во Австралија. Таму македонците од Вардарска Македонија и од Егејска не се согласуваат. Така македонците од Егејска македонија велат - вие ја продадовте Македонија на србите. Неколку средби, повеќе средби имаше таму. И, за жал, луѓе од тука , од ова Собрание од овај Парламент, од оваа Влада многу погрешно ја претставуваа Македонија пред македонците надвор од Македонија.

Еден човек кој ми е многу близок, не сакам име да спомнам кажа за Македонија, јас имам видео касета, кажа она што треба да се каже за Македонија и како што фактични е. За разлика од временска дистанца од само 3 месеци други двајца што беа таму сосема на друга положба и друг ја претставуваа Македонија тоа е срамота за РМ. Таквите луѓе не треба да застанат овде да седат на предните столови, заради тоа што сметам дека не ја кажуваат вистината. Да не речам дека се издаици на македонската кауза. Да го спомнам и тој збор Македонска кауза.

Околината, да речеме во Република Бугарија се зборува дека оваа Македонија е Западна Бугарија, дека овој јазик е нивни дијалект, дека се ова е нивно. На една средба пред 15-тина години во "пријателски

разговор" имам кажано - Ако мислите дека не постои, тогаш, Социјалистичка Република Македонија, повелете, згазнете ја границата, земете си ја. Само, да не заборавите што биле 1941- 1944 година.

Со ова не сакам да кажам дека ние сме незнам какви херои. Меѓутоа, не смееме да злоупотребиме сето она што се случуваше 1941 1944 година. Ние, денес злоупотребуваме и тука седат пратеници што биле еден , два или незнам колку мандати делегати или пратеници во тие пратенички или делегатски состави. Не е за оправдување тоа. Човек кој не го сака системот нема да биде член на тој систем и нема да седи во овие клупи. Не може еднаш вака, по втор пат така. Тоа не е добро.. Не е добро како поединец, и како колектив, да претставува колектив, претставува едно мнозинство од народот. Уште една работа да додадам ако нашата историја што сме ја учеле е поинаква од оваа историја што сега ја учат децата, што е сигурно оправдано, тоа значи дека владееле други услови. Ние мора да се повиниме на тие услови. И јас, во овој момент нема да дигнам рака за ова што се предлага. Јас 1се бидам неопределен. Меѓутоа, во очекување на некој документ, кој документ или закон или било што, од Владата и да седнеме заеднички да поразговараме, Не може сите да бидат во еден кош.

Добро се искажаа и од оваа страна доста пратеници. Меѓутоа, да видиме кои се тие луѓе затоа што денеска е многу тешко да се зборува за некој кој едно време некој некого газел. Мене ме шутираа како топка. Јас знам точно кои се. И, има еден човек , не сакам да го спомнам името тој е починат, на мојата сопруга и велеше А бре снао, еден ден порано да отидев во Раштак јас ќе ја имав пензијата. Само еден ден порано. Пред тоа бил нешто друго не бил тоа што требало да биде.

Благодарам на трпението што ме ислушавте.

III/6

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, како еден од предлагачите на овој закон нема што да кажам повеќе од тоа што го кажав во воведот. Би сакал малку да искористам да резимирам некои од дискусиите што беа на завчерашната, вчерашната и денешнава седница.

Најнапред би сакал да кажам дека голем дел, скоро сите пратеници во своите дискусии излегоа надвор од текстот на законот. Повеќе се дискутираше од оваа страна дека овој закон не треба да се прифати, од другата страна дека треба да се прифати и со широки образложенија надвор од законот.

Едно ме радува што скоро сите пратеници и од позицијата и опозицијата и Владата имаат такво мислење дека има потреба од донесување на ваков закон.

Што стои понатаму?

Причината е овој закон што го напаѓа да не се донесе за тоа што сепак, подлабоко убедување, дека е поднесен од тројца пратеници и тоа од страната на опозицијата. Ако беше обратно ми се чини дека законот ќе пројдеше како што го предложивме да оди во два фази.

Што пречи на Парламентот и на Владата еден предложен закон, како предлог за донесување на закон во една дадена форма за која што покрај другото што кажав дека се дискутираше надвор од него по одредени дискутанти што го прочитале по малце, укажуваа на некои работи. Што е тогаш деформацијата на овој предлог кога би се изготвил како закон сето тоа што се укажа за неговите недостатоци, со вклучување на Влада. Воопшто не ми пречи мене ниту на останатите предлагачи да се вклучи Влада па и целосно нека го предложи како Предлог на закон. Тоа не ми пречи. Инаку, ми пречи да не биде донесен ваков закон.

Некои дискутанти, особено господинот Тито Петковски укажуваше дали може да се донесе ваков закон каде што се зборува во него дека треба да се рехабилитираат оние лица кои се бореле за самобитноста на македонскиот народ и државност, бидејќи во тој временски период таквите заложби на тие луѓе биле спротивни на мнозинскиот народ на Македонија, а тогаш го водела Комунистичката партија изоценувајќи дека ако тргне македонскиот народ во Македонија да се бори за самостојна македонска држава дека ќе ја изгубело војната и ќе останела под некои држави.- До тоа не дошло. Дошло до второто. Македонија со АСНОМ се формирала. Тоа е еден битен факт што никој не може да го побие дека АСНОМ не е битен за Македонија. Тоа се темелите на македонската држава кога се створила како држава, прв пат.

Од друга страна што предлага овој закон? Таквите наши граѓани македонци, ако биле на оваа страна и албанци и турци и срби, ако имало такви луѓе што сакале таква идеја како таквите македонци што се бореле за самостојна држава да изградат, ако биле осудувани прогонувани и убивани, таквата идеја ние денеска ја обистинивме. Таквата идеја со референдумот од 8 септември овој народ ја прифати за самостојна македонска држава. Таквата идеја ја обистинивме во Уставот. Нашиот устав е веќе за самостојна македонска држава.

Што сега се поврзува. Овој закон се темели на токму таквите одредби од уставот. Ако тогаш, со постојниот кривичен закон, па дури се судени луѓе и без закон, убивани без пресуди, бидејќи скренувале, според тогашната идеологија, а таквата -идеологија денеска за нас е денешница, живееме во таа, што пречи на ова Собрание да ги рехабилитира тие луѓе? И ние тргнуваме по истиот пат по кој тие мислеле. Можеби тогаш било рано, не знаеме, бидејќи ен се тргнал^ по тој пат што ќе се добиело.

Тоа е што се разликува моето размислување по тој закон од тоа што го зборуваше господинот Тито Петковски, бидејќи тогаш постоеле закони. Неспорен факт е дека тогаш постоеле закони и дека некои луѓе се осудени по таквите постојни закони. Сепак има луѓе кои биле изманипулирани или подведени на таква одговорност со двајца лажни сведоци.

Разликата, она што зборуваше господинот Туше Гошев и какво е мислењето на Владата која не го прифаќа овој закон само со образложение од два збора, повеќе нема што би укажувало на законот тоа што го изнесе денеска за Владата е подобро дали овој закон, бидејќи размислува да донесе закон и Владата , дали треба да биде амнестија или рехабилитација. Длабоко сум убеден дека по ниту еден основ не може овој закон да биде амнестија. И, во правната терминологија, во правните правила што денеска важат во РМ прифатени и од Југословенското право што постоеше , амнестијата зборува за нешто друго.-

Амнестијата е чин што се применува во фаза на гонење во фаза на судење, пресудување и во фазата на издржување на казната. После издржана казна нема амнестија. Затоа доаѓа вториот чин рехабилитацијата. По правните правила на постојното право на Македонија и преземено од Југославија може рехабилитацијата е нешто помалку од тоа што ние го бараме. Но, во светски норми рехабилитацијата сепак значи поништување на пресуди,, осуди и рехабилитацијата е политчки акт за дела што во тој временски период биле кривични дела, но во овој временски период, бидејќи таквите идеи што ние ги гледаме во тој закон за тие луѓе засега е корисно тие луѓе сепак да бидат рехабилитирани бидејќи нивната идеја била иста што и денеска.

IV/1.- ЛП-ВБ

**ЕФТИМ МАНЕВ**: (продолжение)

Тоа е тој политички дел, што е еднакво на декларација, може да се опфати во еден или два члена.

Другиот дел во Законот разработува една постапка и за другите права. Другите права се и од имотен карактер, имено, на дел од тие граѓани им е одземен имот.

Како еден од предлагачите на тој закон, свесни дека сепак истиот не е до тој степен дограден, гледајќи дека ниту еден од пратениците не поднел ниту еден амандман, ниту Владата доволно обрнала внимание, затоа прифативме ние Парламентот да го прифати како Предлог за донесуваше на закон, а да оди во две фази, така што сепак Владата да се вклучи, да се вклучи и коалицијата. Сепак, да најдеме едни најидеални решенија, за да биде донесен тој закон и овие три дена да не бидат така во празно пукање, искажување на секого на своите мислења и идеи од своите гледишта, а кога Владата ќе го предложи тој закон, веројатно ние пак би изгубиле, и тогаш, два или три дена. Има право оваа страна (покажува на неговата лева страна) дека некои од пратениците што зборуваат - дајте малку помирување во Парламентот меѓу коалицијата и опозицијата. Свесни сме дека ниту еден закон не може да ни помине, ниту седниците можеме да ги одржуваме редовно, нормално само од таква бес, ако излезе оваа страна, ќе треба три дена да собираме пратеници. Овие ако не дојдат, и ние не можеме. И не постои ми се чини токму ниту една пречка овој закон да се усвои. Дали во рок од 6 месеци, дали цела година ќе се подготвува Предлогот на закон, можно е да се вгради се во него.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Иван Иванов.

IV/2.-

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, ова прашање повторно ги избуртка страстите во Собранието и отвори можност за жестоки дискусии и мачни расправи, со кои Собранието повторно го доведовме во неефикасна состојба.

Јас мислам дека ова прашање што беше покренато како Предлог за донесување на закон има сериозни аргументи и основи и од тие причини донесувањето на еден ваков закон, со кој треба да се исправат неправдите настанати во долгиот и бурен историски развој на македонската држава заслужува внимание. Во тој контекст, јас се залагам за донесување на еден ваков закон. Меѓутоа, начинот и постапката по кој се нуди донесувањето на овој закон мислам дека не е добар и не е така ургентен. Овој закон претставува многу чувствителна и одговорна работа. Таа е одговорна кон историјата, кон паднатите и настрадани граѓани и кон повеќе, а на кои повеќепати од оваа говорница се повикуваме, а посебно и кон нашите граѓани и сегашните потреба на македонската држава.

Жал ми е што работите тргнаа по еден погрешен тек и што овие многу чувствителни прашања ги користиме за дневно партиски интереси. Сакам да потсетам дека историјата на македонскиот народ и македонската држава не започнува со нашето влегување во Парламентот, ниту ќе заврши со истекот на нашите мандати. Со сета почит кон Пред- логот кои како што веќе реков заслужува целосно внимание, меѓутоа, моја оцена е дека причините кои настанаа во делот на спротивностите и искажувањето жестоки дискусии главно произлегуваат од две причини:

Најпрво, од недобрата дефинираност на насловот на законот, како и неадекватниот и неконкретен текст на понудениот закон. Ова не го кажувам од некои формалности, ниту од аспектот да се стекне впечаток дека се залагам ова прашање да стане споредно. Во тој контекст, сакам

да кажам дека не претставува и некоја посебна предност или големо достигнување или откриваше на кој знае какво прашање од страна на предлагачот, бидејќи ова прашање е присутно од поодамна и за ваквото прашаше досега имаше и слични залагања. Затоа, донесувањето на законот за вака чувствителни прашања на понудениот начин не е добар и за мене е неприфатливо, од причина што тоа носи голем ризик, можност за настанување на контраефекти од оние што сакаме да ги постигнеме, а што мислам дека е и главната цел или намера на предлагачот.

Еве, во тој контекст, без да создавам некоја полемика, во оваа прилика да го гледаме употребениот термин од предлагачите "и идеалите на ВМРО", кој претставува лично сметам едно светло име од македонската историја. Но за жал, ова име се користеше, а и дене го користат и најголеми националисти во една соседна земја, односно дали ваквото брзо донесување со несоодветни решенија нема да биде користено и од таквите кои во своето дејание порано и сега не биле наклонети за доброто на Македонија и на македонскиот народ. Затоа, ве замолувам и се залагам за една голема внимателност, за работа по една нормална постапка, односно за работа во една смирена и трезвена атмосфера.

Во досегашната дискусија имавме можност да слушнеме многу добри и пламенити прашања, кои јас во принцип ги поддржувам и верувам дека тие се правични и добронамерни. Но имаше и многу непрецизни, нејасни искажувања со многу груби коментари кои носат отров и опасноси пораки до нашите граѓани. Јас не можам да ги поддржам таквите искажувања, иако тие, независно што се обложени во најдобри и слатки обланди. За мене нема погрубо и нечесен настап најчувствителните прашања да бидат користени за политички маркетинг, а на штета на граѓаните на македонската држава, и тие не треба да бидат користени за жестоки политички пресметки и негирање на историските придобивки.

Затоа, се залагам да ја завршиме дискусијата, а да ја задолжиме Владата, врз основа на дадените предлози, изнесените конструктивни предлози и залагања во дискусијата, како и релевантни те и објективни историски факти, да изготви предлог за донесување на закон со текст на закон во кој ќе бидат понудени добри, пламенит решенија, со кои решенија ќе дадеме придонес да се исправат настанатите историски неправди.

Ова мое искажување, молам, да биде сфатено како залагање за објективизирање на ваквите чувствителни и комплексни прашања и презентација на пошироки мислења, бидејќи молчењето или еднострано искажување создава погрешни претставки кај граѓаните на Македонија.

Истовремено, сакам да ве замолам да се свртиме кон прашањата од кои зависи материјалната судбина и егзистенција на правните субјекти, на граѓаните на Македонија и во целина на македонската држава.

Исто така, ве замолувам да престанеме од оваа собраниска говорница да ги вознемируваме граѓаните и да фрламе навреди на носителите на стопанската активност, на државните функции и посебно на граѓаните кои дале придонес за досегашниот развој на македонската држава. Да ги оставиме и нив да си ги вршат секојдневните активност! а ние да ги вршиме нашите работи кои се и приоритетни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас имам само едно прашање пред да му дадам збор на наредниот учесник во расправата.

Препознатливо малку пратеници присуствуваат во салата. Имаме 42,43 пратеници. Да се 57,58, верував дека отишле на пушење цигара и дека ќе се вратат, блиску сме до кворумот, не би правел проблем од тоа. Меѓутоа, ова е типично отстапување од условите да може да се работи. Јас едноставно ќе дадам една кратка пауза да дојдат луѓето што беа тука и што овозможија работа. Ако не може, тогаш ќе мора друг пат да се

собираме. Ве молам, повикајте ги луѓето.

Предлагам прекинуваме на седницата 15 минути.

(Седницата прекина во 13,25 часот)

(Во 13,50 часот претседателот рече:)

Да утврдиме точен број на пратеници.

Во салата се присутни 47 пратеници.

(Уште неколку пратеници влегуваат)

Имаме 50 присутни пратеници.

(Во салата влезе уште еден пратеник)

Присутен е 51 пратеник во салата.

Според тоа, навистина денес не можеме да продолжиме работа.

Ќе објавиме кога ќе продолжиме со работа.

(Седницата прекина во 13,55 часот).